27578

● НОВА МАКЕДОНИЈА ● Вторник 28 април 1981 год. ● стр. 4

12308



ДЕЖУРНА КАМЕРА

# Музеј...

*Сместен на платото на Калето, Музејот на современата уметност преовладува над панорамата на градот што се простира под него. Тој со години на ред претставува место каде што се организираат значајни изложби на уметници од земјата и од странство. Напорот и неговата непосредна околина да се уреди во стилот на неговата внатрешност — се чувствува, особено во последно време. Наоколу се простираат тревници и овде-онде по некоја скулптура која успешно се вклопува во амбиентот. Грижливо се внимава на хигиената пред објектот зашто таа е и предуслов за неговата привлечност.*

*Но, не може да се одмине, особено кога станува збор за овој храм на уметноста, а да не се каже дека вработените во Музејот речиси секојдневно се среќаваат со еден проблем: неодговорни граѓани го оставаат овде да пасе својот добиток, со што се нанесува штета на зеленилото што грижливо се одгледува.*

*И покрај нашите жалби, велат во Музејот, барем досега, никој од инспекциските служби не се зафатил да ни помогне!*

*На фотосот: секојдневна глетка — добитокот мирно се шета крај скулптурите.*

Снимил: **Т. Димовски**